**Проф. д-р Верица Јосимовска, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип**

**Проф. д-р Тодор Чепреганов, пензионер**

# ЕПАМИНОНДА ПОП АНДОНОВ ВО ДОКУМЕНТИТЕ НА АСНОМ

**Резиме**: Епаминонда Поп Андонов член на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ и учесник на Првото заседание на АСНОМ. Во Президиумот на АСНОМ е избран за прв повереник за просвета, подоцна ја извршувал функцијата и секретар на Президиумот на АСНОМ до 1945 год. Основно и средно образование завршил во Струмица и Скопје. Дипломирал во 1922 година на Филозофскиот факултет во Белград. Бил професор по филозофија, психологија и француски јазик во повеќе училишта на Кралството СХС/Југославија (Бања Лука, Сараево, Врање и Скопје). Член е на КПЈ од 1944 година. Трудот ги обработува документите на АСНОМ каде е претставена активноста на Поп Андонов во подготовките за свикување на првото заседание на АСНОМ како и донесените одлуки како повереник за просвета при Президиумот.
Клучни зборови: Македонија, АСНОМ, Президиум, повереноство за просвета

**Summary:** Epaminonda Pop Andonov is a member of the ASNOM Convening Initiative Committee and participant in the First ASNOM Meeting. In the Asnom Presidium, he was elected first entrustee for education, later acting as secretary until 1945. He graduated from primary and secondary education in Strumica and Skopje. He graduated in 1922 from the Faculty of Philosophy in Belgrade. He was professor of philosophy, psychology and French in several schools of the Kingdom of SHS/Yugoslavia (Banja Luka, Sarajevo, Vranje and Skopje). He has been a member of the KPJ since 1944. The work processes asnom documents represent Pop Andonov's activity in preparation for convening the first ASNOM meeting. They also represent decisions made as a trustee for education at the Presidium.
Keywords: Macedonia, ASNOM, Presidium, entrustee for education.

Прашањето за формирање и свикување на АСНОМ за прв пат се поставува во август 1943 година на советувањето на ЦК на КПЈ во село Отешево, познато како Преспанско советување.

Есента 1943 година, Кузман Јосифовски Питу на група интелектуалци во Македонија им ја соопштува идејата за формирање на Акционен национален комитет на Македонија – АНОК. Во комитетот, покрај Киро Глигоров, влегле и

Кирил Петрушев, Благој Хаџи Панзов, Лазар Соколов и др. АНОК во суштина требало да дејствува како зародиш на новата власт која ќе се формира по ослободувањето. Кузман Јосифовски, во своето писмо од 17 октомври 1943 година истакнува дека „АНОК на окупираната територија од својата средина треба да ги испрати на ослободената територија најугледните, најспособните и најборбените Македонци за политичко претставништво". А во писмото од 13 октомври 1943 година ќе истакне „Со полн свет се има зборено, сите се принципиелно слага(т) да заминат...Но јас сум упорит и ќе испратам повидни свет – еден потпуковник судски (Тодор Звездин), директор на гимназија (М. Чучков), еден доктор (д-р Никола Мицев) и повеќе професори (Епаминонда Поп Андонов...)".[1] АНОК работел редовно и постојано одржувал состаноци на кои се разгледувале теми и се воделе дебати од националната историја. Се зборувало за Народноослободителната војна, но најмногу се зборувало за формирањето на идната народната власт во Македонија. Состаноците најчесто ги воделе Киро Глигоров, Лазар Соколов или Благој Хаџипанзов.

Во прогласите кои биле испраќани, основната идеја била самоопределувањето на македонскиот народ и изградувањето на Народноослободителната војска.[2] Биле формирани голем број НОО во градовите и селата кои ја вршеле улогата на привремена власт.

Токму во тие денови, октомври 1943 година, бил објавен и Манифестот на ГШ на НОВ и ПО на Македонија. во кој беа набележани „основните идејни програмски поставки врз кои треба да се темели идната државно-правна положба на Македонија во нова Југославија".[3] Основното во Манифестот бил фактот што „Манифестот се повикува на создавање нова слободна и народна Македонија", но дека истата „може исклучиво да се изгради во нова Југославија и во сојуз со народноослободителните движења на југословенските народи".[4] Во однос на

[1] АСНОМ, педесет години македонска држава 1944 – 1994. Прилози од научен собир одржан на 17-18 ноември 1994, Македонска академија на науките и уметностите, Институт за национална историја Скопје, 1995, 117.

[2] Зборник на документи од Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ). Документи за образувањето и законодавно извршната дејност на АСНОМ (2. VIII. 1943-28/30. XII. 1944, Институт за национална историја, Скопје, 1964, 14.

[3] Исто, 15-16.

[4] Исто, 17.

Манифестот на ГШ реагираа дел од членовите на АНОК кои беа „незадоволни од изнесените програмски начела за линијата на Народноослободителната борба“ и во однос на тоа упатиле приговор[5] до ГШ во кој „тие ја оспорувале компентенцијата на НОВ и ПОМ да истапува како политички претставник на македонскиот народ“.[6] Во својот извештај до ЦК на КПМ Кузман Јосифовски Питу, кој ја одржувал врската меѓу АНОК и ЦК на КПМ, ќе истакне дека „луѓето на А.Н.О.К. како и оние кои се повикани за Антифашистичко Народно Ослободително Собрание на Македонија уште не се е разбрале Н.О.В. наполно и затоа прашањето за Македонија го навистина поставуваат тесно националистчки, а само на фраза „општо балканска...“.[7] Од разговорите кои ги имал со членовите на АНОК сепак Кузман успеал да ги разубеди „от нивното гледање и ги доведам на нашето становиште, како едино исправно за успешната антифашистичка борба, како и за правичното разрешување националното прашање на нашиот народ“.[8]

Членовите на АНОК сеуште не биле заминати при ГШ. Своето заминување го поврзувале „со организирање колку толку позадинава“. Во јануари 1944 година ГШ на НОВ и ПОМ и Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ испратиле писмо до „групата членови на Акциониот комитет“ по повод приговорот. Меѓу другите забелешки што ги пишува во писмото ГШ се обраќа до приговарачите со зборовите: „Ние сметаме дека е време да секој чесен Македонец дојде во редовите на нашата војска и учествува во оваја борба во која се решава судбината на нашиот народ. Секоје оклевање е злочин, а секоје роварење против нашата војска е издателство према нашиот народ. Ние се надеваме да вие што ќе го примите ова писмо, ќе дојдете во нашио штаб, да заједно е наставиме борбата во која се решава судбината на нашиот народ“, и дека „нужно је да што поскоро излезите на терен, кај нашата војска, каде ќе се састанат делегати на македонскиот народ и каде ќе можете и вие својте политички погледи да ги изнесете, бидејќи на ова собраније ќе се донесат историски одлуки, на кој ќе се определи судбината на нашиот народ“.[9]

---

[5] Приговорот го напишале Киро Глигоров и Благој Хаџи Панзов.
[6] Зборник на документи од Антифашистичкото собрание... 85.
[7] Исто, 85.
[8] Исто, 87.
[9] Исто, 94.

Во април месец 1944 година ГШ на НОВ и ПО на Македонија и Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ испраќаат писмо до одделни лица за кои се сметало дека ја подржуваат НОВ со „повик за помош и активно учество во НОБ“.[10] Меѓу другото во овој повик, писмо се истакнува: „Денеска, кога поголемиот дел од нашиот народ дава сè за слободата на Македонија, па и своите животи, секој кој седи настрана од народноослободителната борба, самиот лично носи одговорност пред историјата на македонскиот народ...Победата и сам знаеш оти е близу. Она ќе стане уште поблиска и поскоро ќе биде спечалена, ако секој чесен Македонец не си губи деноите држејќи се настрана од народната борба...Секој треба да биде свестен за таја истина и за одговорноста која ќе ја понесе секој пред собствената совест и пред македонскиот народ. Затоа, во овој дванаесети час, ние те викаме како пријател на народот това да го докажеш и во борбата и сме уверени оти скоро ќе те прегрнат сите твои пријатели“. Писмото било потпишано од претседателот на Иницијативниот одбор Методија Андонов Ченто и командантот на ГШ на НОВ и ПОМ генерал Михаило Апостолски.[11] Како резултат на овие писма при ГШ на НОВ и ПО на Македонија заминува и Епаминонда Поп Андонов.

Првото споменување на Епаминонда, во документите на Антифашистичко собрание на Народното ослободување на Македонија (понатаму АСНОМ) е во записникот од првиот состанок на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ. Имено, кон крајот на април 1944 година како резултат на писмото на политичкото и военото раководство на НОВ и ПО на Македонија до повеќе истакнати активисти и политички афирмирани луѓе, во Скопје и други градови до лица кои пред се биле на македонска национална линија заминуваат при ГШ: Киро Глигоров, Емануел Чучков, Кирил Петрушев и Епаминонда Поп Андонов кои биле кооптирани во проширениот состав на Иницијативниот одбор (понатаму ИО) за свикување на АСНОМ.

На состанокот на проширениот состав на ИО за претседател бил избран Методија Андонов Ченто, а за потпретседатели Мане Чучков, директор на

[10] Исто, 121.
[11] Исто.

гимназија од Штип и Бане Андреев, јавен работник од Велес. За секретари биле избрани: Кирил Миљовски, ветеринарен лекар од Битола и Киро Глигоров, адвокат од Штип. За членови биле избрани: Генерал Михаило Апостолски од Штип, Цветко Узуновски, политички комесар на Главниот штаб на Македонија, од Ресен, Кирил Петрушев, типограф од с. Богданци од Гевгелиско, Епаминонда поп-Антонов[12], професор од Струмица, Страхил Гигов, заменик политички комесар на Главниот штаб на Македонија од Велес, Никола Минчев, учиел од Кавадарци, Петре Пирузе, адвокат од Охрид, Мара Нацева, работничка од Куманово, Благој Хаџи-Панзов, адвокат од Велес, д-р Владо Полежина, правник од Кичево, Ристо Бојалџалиев, приватен чиновник од Гевгелија, Борка Темелков, работник од Прилеп, Тодор Пецов – Циповски, Панко Брашнаров,од Велес,Тодор Звездин од Скопје, Генадија Лешков, од Бродско, Милан Стефанов, од Прилеп.

Во работното тело на ИО биле избрани:

Претседател: Методи Андонов – Ченто,

Потпретседател: Мане Чучков,

Секретар. Киро Глигоров,

Членови: Кирил Петрушев,

Страхил Гигов,

Мара Нацева,

Епаминонда поп-Антонов[13]

Од тој момент Епаминонда учествува во донесувањето на сите државно правни документи за формирањето на македонската држва.

На состанокот едногласно била прифатена втората точка од дневниот ред со што се одобрувале преземените активности на ГШ и ИО и дадената согласност пред АВНОЈ, бидејќи „Главниот штаб и Иницијативниот одбор са биле принудени да земат важни решенија поради нуждата која се налагаше од развојот на меѓународното положение и развојот на собитијата во Југославија, да се определи положението на Македонија во денешната борба без да се чека формирањето на

[12] Така стои во документите на АСНОМ.

[13] Зборник на документи од Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ). Документи за образувањето и законодавно извршната дејност на АСНОМ (2. VIII. 1943-28/30. XII. 1944, Институт за национална историја, Скопје, 1964, 113.

едно редовно народно собрание“.[14] На состанокот биле усвоение следните решенија:

„Македонија денеска се бори раме до раме со сите југословенски народи за една нова демократска и федеративна Југославија, во која Македонија ќе биде една од шесте федеративни, рамноправни единици. Таја воља Главниот штаб на Македонија е прокламира преку својте делегати пред АВНОЈ. Во пленумот на АВНОЈ влегле: Димитар Влахов. Михаило Апостолски, Мара Нацева, Бане Андреев-Ронката, Владо поп Томов, Методи Андонов – Ченто, Лазар Колишевски и Венко Марковски). Во Президиумот на АВНОЈ биле избрани Димитар Влахов за потпретседател и за членови: Михаило Апостолски, Методија Андонов – Ченто и Владо поп Томов.

Во однос на прашањето на македонската емиграција во Бугарија се заклучило:

„а) да се испрати еден општ позив до целата емиграција во Бугарија и да се покани да се приклучи на борбата на македонскиот народ;

б) да се испратат лични писма до видни Македонци од емиграцијата и да се поканат да вземат участие во борбата што е води денеска целиот македонски народ.

в) да се испратат до сите македонски братства во Бугарија, во кои да
да им се објасни мисијата на нашата борба и да се поканат да извршат мобилизација на сите свои сили“.[15]

На вториот состанок на ИО, кој се одржал на 6 мај 1944 година на кој присуствувал и Епаминонда се дискутирало, меѓу другото, и за прашањето за испраќање на една делегација на ИО и ГШ на Македонија при АВНОЈ и Врховниот штаб на федеративна Југославија со цел:

„1. Да се испита во согласија со врховните тела на федеративна Југославија и во склад со меѓународното положение, главниот проблем на македонската борба – прашањето за целосна обединета Македонија“. Истовремено истата делегација се овласувала „да се обрне до македонскиот народ во Грција и Бугарија и (да го) покани да се придружи на борбата против окупаторите, а ако позволјава

[14] Исто таму, 113-114.
[15] Исто, 114-115.

меѓународното положение, да се изпрати позив до македонскиот народ во Бугарија и Грција со кој да се придружи на борбата што е води македонскиот народ под бивша Југославија“. Исто така, делегацијата требало да побара „што поскоро да се испрати во Македонија една советска мисија при Главниот штаб на Македонија, оти тој факт ќе има голем радостен одјек во целиот македонски народ“. Исто така се барало:

„3. да се засили пропагандата на македонски език по следниот начин:

„а) да се тражи по радио ‘Слободна Југославија’ да се установи редовен час, барем еднаш во неделата, на македонски език;

„б) да се настојава преко одговорните фактори при АВНОЈ, радио Лондон и Њујорк во емисиите си кога говорат за федеративна Југославија и (ги) споменуваат југословенските народи, да говорат и (го) споменвати македонскиот народ, како рамноправен член на југословенската федерација. Да ги споменуваат не само трите народи: Срби, Хрвати и Словенци, но и останалите народи који е сачињават Југословенската федерација;

„в) пропаганден материјал, како позиви и друго да се фрлат написани на македонски език, по територијата на Македонија, од сојузнички авиони;

„г) Радио ‘Слободна Југославија‘ во емисиите си за младежта секој пат да (ја) споменува и македонската младина, а не како до сега само младежта на останалите југословенски народи“.

„4. Се овластува делегацијата да изпрати до македонската емиграција во цел свет еден позив, во кој да е покани да е помогне со сите сили и средствва праведната борба на македонскиот народ“.[16] Во делегацијата влегле Методија Андонов Ченто, Емануел Чучков и Кирил Петрушев.

На Првото заседание на АСНОМ (2 август 1944 година) одржано во манастирот Прихор Пчински, Епаминонда е избран за претседател на верификационата комисија која била во состав од пет члена. На заседанието е избран за член на Президиумот на АСНОМ и пратеник во АВНОЈ.[17] Потписник е и

[16] Исто, 126.
[17] Исто, 255-256.

на Манифестот од Првото заседание на АСНОМ до македонскиот народ,[18] издаден од Президиумот на АСНОМ како и на Прогласот од Првото заседание на АСНОМ до македонскиот народ за одржаното заседание и донесените одлуки на АСНОМ.[19]

На првата седница на Президиумот на АСНОМ, одржана на 6 август 1944 година во с. Рамно биле формирани оддели при Президиумот и биле избрани „раководни лица (повереници)“.[20] Биле формирани осум оддели, меѓу кои и Поверенство за просвета. Како раководител на овој оддел бил именуван Епаминонда Поп Андонов,[21] а за референт на одделот за просвета, на втората седница од 11 август 1944 година, бил избран Димчо Стојанов Мирчевски.[22]

Пред членовите на Поверенството за просвета, а пред се претседателот и референтот се поставувале следните задачи: „поверениците заедно со референтите требало да ги проучат сите прашања на својот ресор, (да) направат план за работа и (да) дадат во поскоро време еден доклад пред Президиумот од кој ќе се види кои се вопросите, денешните потреби и потребите во блиската иднина на односното поверенство“.[23]

Поставената задача од Президиумот била реализирана и реферирана на седницата на Президиумот одржана во манастирот Прохор Пчински од 2-5 септември 1944 година кога Епаминонда Поп Андонов поднел „реферат за поверенството на просвета во кој предвидува:

„а) план за основна настава од 7 години;

„б) план за средна настава од 3 години;

„в) научен институт:

„г) организација на поверенството“.[24]

---

[18] Исто, 259.

[19] Исто, 274.

[20] Исто, 327. Во периодот меѓу Првото заседание на АСНОМ (2 август 1944 година и Второто заседание 28 декември 1944 година биле одржани 15 седници на Президиумот, а на 7 од нив се дискуторало за проблемите од просветата. (АСНОМ. Педесет години македонска држава..., 414).

[21] Зборник на документи од Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ). Документи за образувањето и законодавно извршната дејност на АСНОМ (2. VIII. 1943-28/30. XII. 1944, Институт за национална историја, Скопје, 1964, 328.

[22] Исто, 341.

[23] Исто, 341.

[24] Исто, 353.

По поднесувањето на рефератот с развила дискусија при што се укажало дека просветната политика треба да има „за цел да гиваспита младите и (да ги) подигни во нови граѓани“.[25] Имајќи ја предвид „заостаналоста на просветата во Македонија“, Президиумот барал „поверенството заедно со НОО-и“ треба да најди начин да мобилизира све да би се она проширила во сите катишта на Македонија“.[26]

Во поглед на кадровската политика на седницата се заклучило да се ангажираат „млади снаги от последните класови на средните училишта, па дури и таквие што немаат завршено школо, но се годни за ширење на просветата“. На крајот се заклучило:

„а) да средната настава трае пет години;

„б) да се отвори учителска школа и институт;

„в) да се организираат анафалбетски курсови;

„г) да се проучи прашањето за отворање на универзитет, за што ќе треба да се бара помоќ од НК“.[27]

Исто така на состанокот се поставило и прашањето за „изготвување на македонски буквар и потребата да се изучува покрај македонскиот и еден од јазиците на другите југословенски народи“. Меѓу другото „голема дискусија се отвори по вопросот дали вероучението да влези во состав на основната настава или не“. По дискусијата се заклучило „вероучењето да биди факултативно, но да остане во склоп на основната настава“.[28] Од своја страна Лазар Соколов предложил и се усвоило „да се упати писмо до сите НОО-и, со кое да се тражи да се земат нужните мерки за да се запазат сите школи, библиотеки, научни институции, болници, музеи итн.“.[29]

На истата седница Емануел Чучков предложил, од името на образуваната комисија при Поверенството за просвета „напаствија за унификација на македонскиот јазик“,[30] со што се согласил Президиумот „да се истите препорачат

---

[25] Исто, 353.
[26] Исто, 353.
[27] Националниот комитет.
[28] Зборник на документи АСНОМ..., 353.
[29] Исто таму, 353.
[30] Исто, 356.

за времена употреба, со уверение дека ќе помогнат за брзото унифицирање на нашиот јазик“, а Епаминонда побарал „да се пише на сите НОО-и за да се земат мерки за запазување на народната имовина“.[31] На оваа седница било донесено и решение за „установјаване на весник, орган на АСНОМ“ и „установјава се како државни орган весник“[32] на македонски јазик, кој според решението на Првото заседание на АСНОМ бил прогласен за службен јазик во македонската држава. Во тој контекст било поставено и прашањето за „јазикот и за азбуката на кои ќе се издава“,[33] како и прашањето за избор на редактор. За редактор бил избран Васил Ивановски. Во таа прилика повереникот за просвета Епаминонда Поп Андонов предложил да се формира „Комисија за унификација на македонскиот јазик, односно Комисија за македонската азбука“.[34] Предлогот бил прифатен и за раководител на Комисијата бил именуван Епаминонда, како повереник за просвета.[35] Се поставува прашањето дали ваквиот развој на настаните околу азбуката имало реперкусии и врз Епаминонда Поп Андонов?![36]

На деветата седницата од 3 ноември 1944 година одржана во Горно Врановци на Президиумот на АСНОМ бил прифатен извештајот на Епаминонда и неговиот предлог „гимназии да се отворат во градовите: Скопје, Битола, Штип, Куманово, Прилеп, Струмица, Тетово, Велес и Охрид, а во Охрид да се отвори, ако

---

[31] Исто, 356.

[32] Исто, 364.

[33] Иван Катарџиев, Васил Ивановски, борец за идеалот за слободна и обеинета Македонија на Балканот. Историја на Македонија од Антиката до АСНОМ, книга прва, Македонска академија на науките и уметностите, 2014, 19.

[34] Исто таму, 20.

[35] Веднаш по излегувањето на првиот број на в. „Нова Македонија“ Васил Ивановски бил сменет од функцијата редактор и бил именуван за заменик министер во Министерството за социјална политика. Како што истакнува Васил Ивановски бил сменет поради тоа што „во согласност со тогашниот министер за просвета Епаминонда Атанасов (очигледно грешка, прв повереник за образование бил Епаминонда Попандонов б. м.) Тој на заседанието на Президиумот од 3 до 5 октомври (се однесува на седницата на Президиумот од 2-5 септември 1944 година Т. Ч. и В. Ј.) кога било донесено решение за издавање на весникот „Нова Македонија“, не сакаше весникот да се печати на азбуката на Вук Караџиќ (тогаш од страна на Президиумот на АСНОМ беше донесена привремена азбука на која се печател весникот). Соработката со другите двајца редактори со главниот уредник беше причина за нивното отстранување од редакцијата на весникот“, Исто, 20.

[36] Во едно писмо, Васил Ивановску, говорејќи за причините за неговото сменување вели: „Кога излезениот прв број на весникот ‘Нова Македонија’ Колишевски му го претставил на Милован Ѓилас, овој откако видел со каква азбука е отпечатен весникот и каков бил јазикот во него, бурно реагирал. Побарал од Колишевски одговорниот уредник веднаш да се смени и на негово место да се постави друг човек“. Исто, 20.

за това има условиа, и учителска школа; ако пак во Охрид условиа нема, првата година школата да се отвори во Скопје“.[37]

На дванаесеттата седницата на Президиумот на АСНОМ одржана на 1 декември 1944 година во Скопје, Президиумот го прифатил извештајот на Повереноството за просвета за отворање во Скопје на „Музичка академија, Средна художествена школа и Учителска школа“.[38]

Како една од најтешките задачи која се поставила пред Повереноството за просвета било прашањето од немање на буквари читанки, граматика, правопис, сосема скромен фонд на литература пишувана на македонски јазик што многу ја усложнувало работата на повереникот Поп Андонов. Како една од ургентните потреби кои се поставиле пред Повереноствотото било неговото кодифицирање. А за тоа прво требало да се утврди азбуката на современиот македонски јазик. За таа цел била формирана комисија[39] која требало да предложи азбука и да го изготви првиот буквар. Комисијата работеле во поширок состав од 27 ноември до 4 декември 1944 година.[40]

На четиринаесеттата седницата на Президиумот на АСНОМ одржана на 7 декември 1944 година во Скопје бил разгледан „Докладот по резолуцијата на Комисијата за македонската азбука“. Епаминонда ја прочитал „резолуцијата на комисијата за македонска азбука“. Пред да ја прочита резолуцијата дал објаснување на кој начин била составена комисијата и дека во нејзиниот состав биле земени „најдобрите стручњаци и познавачи на македонскиот јазик кои ги имаме во Македонија“ и сметал дека комисијата „достојно ја исполни задачата и можеме да бидеме доволни од нејната работа“. По опстојно објаснување во однос на работата на Комисијата дал Венко Марковски како нејзин член.[41] Од своја страна реагирал Страхил Гигов кој сметал дека резолуцијата „да не се приема уште

---

[37] Зборник на документи АСНОМ..., 468.

[38] Исто, 495.

[39] Во првата комисија влегле познавачи на македонскиот јазик: Ристо Проданов, Блаже Конески, Ѓорѓи Киселинов, д-р Георги Шоптрајанов, д-р Махајло Петрушевски, Васил Иљоски, Христо Зографов, Даре Џамбаз, Венко Марковски, Мирко Павловски и Крум Тошев.

[40] АСНОМ. Педесет години македонска држава..., 416.

[41] Зборник на документи од Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ). Документи за образувањето и законодавно извршната дејност на АСНОМ (2. VIII. 1943-28/30. XII. 1944, Институт за национална историја, Скопје, 1964, 513.

со решение на Президиумот и да не се публикува, за да не се отвора широка дискусиа во јавноста, која дискусија во денешно време би могла да биде само от штета за нашата млада држава“ и дава предлог „за да се даде по голем научен афторитет на целата таја работа, предлага времено да се одложи публикувањето на резолуцијата, а „да се повикат од Москва двaица световно извесни капацитети по славјанска филологија и нај добри познавачи на јазиците на сите балкански народи: Бернштајн и Державин“.[42] Неговиот предлог бил прифатен.

На 30 септември 1944 година Поверенството за просвета издало Упатство до НОО за организирање на анафалбетски курсеви и за употреба на привремена азбука. Било предвидено организирање на анафалбетски курсеви, имајќи предвид дека „75% от нашиот народ е неписмен“ и истите да ги посетуваат „луѓе от 12 – 45 години возраст, а по желание и некои постари“.[43] Времено била во употреба привремена азбука од 25 букви: а, б, в, г, д, е, ж, з, и, ј, к, л, м, н, о, п, р, с, т, у, ф, х, ц, ч, ш“.[44] Исто така на истиот состанок била донесена одлука за испраќање писмо од Поверенството за просвета до „НОО за започнување на наставно воспитната работа во основните училишта“. Воспитно образовниот процес во основните училишта било предвидено да трае 7 години, а наставата ќе ја изведувале „тија учителски сили, со кои народноослободителниот одбор располага“. За прв пат бил доднесен и наставни планови за седмогодишните училишта во Македонија.[45]

На 8 октомври 1944 година Поверенството за народна просвета испратило писмо до ГШ на НОВ и ПОМ во кое се бара ГШ „да им соопшти на штабовите на зоните да излегуваат у помош на НОО-и при нивното сакање за доделување на учителите-ките на работа во училиштата“.[46] Се барало ослободување на учителите од НО војска за да можат да се посветат на учењето на учениците“.[47] А со циркулар од страна на референтот при Поверенството за просвета Димче Стојанов – Мире се

---

[42] Исто, 513.
[43] Исто, 641.
[44] Исто, 642.
[45] Исто, 643.
[46] Исто, 649.
[47] Исто, 650.

барало да се „мобилизираат сите слободни просветни снаги: учители, студенти, разни средношколци и ученици од VI клас на горе вклучително“.[48]

Интересен е дописот кој го испраќа Поверенството за народна просвета (30 ноември 1944 година) до обласните и народноослободителните одбори и училиштата за прослава на 8 декември денот на Климент Охридски „како покровител на нашата сенародна просвета“ . За таа цел биле дадени упатства како да се одвива прославата. Се предвидувало на 7 декември „секој учител на одделенија – V, VI и VII, да одржат пред учениците подходијашта беседа за животот и делото и значението на св. Климент“, а исто така сметале дека ќе биде добро „да се подготви скромна литературно-музикална програма со декламации, песни, рецитации и др. изполнети од учениците“.а на 8 декември „да се уреди тржествено утро, на кое, учителот или други лица, ќе говори за животот, делото и значењето на св. Климент“.[49]

На 15 декември 1944 година Презедиумот на АСНОМ, имајќи го предвид значењето на образованието донесува решение за одобрување на кредит од 200.000 лева на Поверенството за просвета за „штампање на разни помошни книги и брошури за учиилштата“.[50]

На 15 ноември 1944 година во писмото на Поверенството за просвета се бара од обласните НОО да не ги ангажираат учителите во администрацијата да работат во „агитпропот или (во) дилетански артистички трупи“ бидејќи тоа е „штетно за нашата млада држава која е во изградување, оти внесува хаос, а влијае лошо и на младите душички кои са со трепет чекали македонско училиште, за да прозборат у него на мајчиниот си јазик“. Од тие прчини Поверенството за просвета наредува „да се престане со такво зимање на учители, а тија што се земени да се врнат на нивните стари места. Нашиот стручен учителски кадар е многу мал и едвам може да служи за квасец на нестручните учителски сили кои ќе се повикат“.[51]

---

[48] Исто, 656.
[49] Исто, 658.
[50] Исто, 524.
[51] Исто, 656-657.

На Второто заседание на АСНОМ (28-30 декември 1944) свое излагање имал и повереникот за просвета Епаминонда Поп Андонов кој ги изнел проблемите на просветната политика. Во својот изештај тој истакнал дека во Македонија од ослободувањето до тогаш биле отворени „насекаде во Македонија основни училишта, а од 1 јануари ќе почнат и 9 полни гимназии, една учителска школа, едно музичко и едно средно уметничко училиште. Се чувствува недостиг на учителски кадар. Поради тоа во 15 околии се организирани учителски курсеви, на кои учествуваа околу 2000 курсисти студенти и завршени ученици со VII и VIII клас на гимназијата. Преземени се мерки за основање на Универзитет“.[52]

Сигурно дека Епаминонда Поп Андонов има свој влог и заслуга во поставувањето на темелите на образованието и просветата во федерална Македонија и тоа во еден од најчуствителните периоди од формирањето на македонската држава. Неговиот влог се гледа во тоа што во периодот 1944/5 година работеле „927 основни четиригодишни училишта со 83.097 ученици, а наставата ја изведувале 1.857 учители. Во 828 основни училишта настаавата се изведувала на македонски наставен јазик, во нив беа опфатени 75.602 ученици, а настава изведуваа 1.701 наставник; во 60 основни училишта наставата се изведуваше на албански наставен јазик, во нив беа опфатени 3.975 ученици, а настава изведуваа 104 наставници; на турски наставен јазик имаше 37 основни училишта со 3.334 и 49 наставници; 2 основни училишта беа на српскохрватски наставен јазик со 186 ученици и 2 наставници. Во учебната 1944/45 година во Македонија работеа и 89 неполни гимназии и дилни класови на полните гимназии – нижи и виши, со 13.210 ученици и 161 наставник“.[53]

На второто заседание на АСНОМ, Епаминонда Поп Андонов е избран за втор секретар на Президиумот и на неговото место како повереник за просвета доаѓа Димче Мире.

Сигурно оваа функција ја врши до формирањето на владата на НРМ формирана на 16 април 1945 година. Потоа бил член на Уставотворното собрание за донесување на Уставот на НРМ во 1946 година. По напуштањето на

[52] Зборник на документи од АСНОМ, том I, кн.1, док.37и 38, стр.130-152.
[53] АСНОМ педесет години македонска држава..., 420.

општествено политичките функции бил директор на Народната библиотека во Скопје од 1947 до 1951 година, а од 1952 до 1966 година бил професор на Педагошката академија во Скопје.